Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

**Ип. 1 бр. 57-18**
**Датум: 25.03.2020 г.**

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура преку Дарко Аџиевски, помошник инспектор со службена легитимација број 24-0005, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Книгоиздателство ДООЕЛ Скопје, со деловно седиште на Бул. , Скопје, со ЕДБ: застапувано од – управител и со Записник Ип. 1 бр. 57-18 од 13.03.2020 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 т. 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а во врска со член 17 став (2) од Законот за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15). го донесе следново:

## РЕШЕНИЕ

1) Се опоменува Книгоиздателство ДООЕЛ - Скопје, да достави годишен извештај за сопствената издавачка продукција за 2019 година до Националната установа - НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје согласно со обврската утврдена во член 6 став (3) од Законот за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15).
2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 од ова решение изнесува 30 дена од приемот на Решението со опомена.
3)Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

## Образложение

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, врз основа на член 17 став (2) од Законот за издавачката дејност, преку Дарко Аџивски, помошник инспектор со службена легитимација број 24-0005, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Книгоиздателство ДООЕЛ Скопје, со деловно седиште на Бул. „ , Скопје, со ЕДБ: , застапувано од


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

управител и состави Записник Ип. 1 бр. 57-18 од 13.03.2020 година, во кој е констатирано:

Книгоиздателство ДООЕЛ Скопје во јануари 2020 година нема доставено годишен извештај за сопствената издавачка продукција за 2019 година до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“-Скопје, што е обврска согласно со член 6 став (3) од Законот за издавачката дејност. При изрекувањето на инспекциската мерка – опомена за отстранување на утврдената неправилност предвид се земени член 79 став (2) точка 6 и член 83 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ” бр. 102/19).

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57-18 од 25.03.2020 година.

Помошник инспектор
со службена легитимација број 24-0005,
Дарко Аџиевски



Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk